*Акционерско друштво во државна сопственост
за вршење на дејноста давање услуги во
воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e
veprimtarisë  dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

„М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ

# Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули – септември 2023 година

Ноември, 2023 година

“Босфор“ Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100   Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor“ Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë  së Veriut
Tel: +389 2 3148100   Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот:** Тримесечен извештај за работата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, во кој се резимирани активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот од 01.07 – 30.09.2023 година, а истиот вклучува Резиме на активностите на Друштвото во извештајниот период, Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи со пресек 30.10.2023 година, како и Компаративна анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година.

**Наслов**

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА „М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ**

**ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

| | | |
|---|---|---|
| **Референтен број**: МНВ-810-103.06 | **Издание број**: | 1.0 |
| | **Дата**: | 27/11/2023 |

**Извадок**:

“Како што може да се види од Табелата 2.2 погоре, во третото тримесечје од 2023 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 8,07% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот период”...

**Клучни зборови**:

Планирани приходи, планирани расходи, реализирани приходи, реализирани расходи, вкупни приходи, вкупни расходи.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/провериле/одобриле овој документ

| **Функција** | **Име, презиме и потпис** | **Дата** |
|---|---|---|
| Изработил | Игор Андреевски<br>Самостоен советник за контрола на буџет | |
| Проверил аспект - квалитет | Леонора Шаља<br>Шеф на Отсек за квалитет – безбедност во Одделение за интегриран менаџмент систем | |
| Ревидирал аспект - усогласеност | Валентина Димевска<br>Раководител на Одделение за внатрешна ревизија | |
| Одобриле | Fahrudin Hamidi<br><br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна навигација<br><br>Љубе Стаменковски<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна техника<br><br>D-r Hasim Deari<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | |

**Содржина**

1. Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2023 година..........................................................................................................5

2. Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2023 година........................................................8

3. Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година........................................................................................................12

4. Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година..........................................................................19

# 1 Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2023 година

- Следејќи го трендот на претходното тримесечје, сообраќајот и третото тримесечје во 2023 година бележи пораст надминувајќи го оптимистичкото позитивното сценарио на Eurocontrol.
  Со оглед на фактот дека овие три месеци ја претставуваат летната сезона во која секако бележиме зголемен сообраќај, може да се констатира дека ова тримесечје е со зголемување од 15,1% во однос на 2022 година што го надминува европскиот просек. Генерално, поради развојот на гео-политичките случувања во Европа, како и поради сатурацијата на западноевропскиот дел на рутната мрежа за воздушен сообраќај, земјите кои припаѓаат на југо-источна Европа имаат значителен пораст на сообраќајот во овие три месеци, надминувајќи ги дури и оптимистичкото сценарио на Eurocontrol.
- Реализацијата на Договорот за консултантски услуги за асистенција на проектната единица за имплементација на Договорот за заем склучен на ден 29.07.2022 година со ЕБОР, Оп. Бр. 53184 (PIU Assistance Consultant) кој е склучен на 11.05.2023 година со инофирмата EGIS AVIA во износ од 169.989,00 еур и истиот се финансира со грант средства од ЕБОР, се одвиваше согласно утврдените рамки на Договорот.
- Во текот на извештајниот период заврши постапката за набавка на консултантски услуги за техничка поддршка за обука на контролори на летање (SECSI FRA) согласно политиките правилата за набавка на ЕБОР. Договор за “Technical Support for the Training of air traffic controlers with ACS and APS rating for implementation of cross border FRA” е склучен на 16.10.2023 година со инофирмата SENASA во износ од 162.000,00 еур, а истиот се финансира со грант средства од ЕБОР.
- Во текот на извештајниот период се координираше со ЕБОР постапката за набавка и изготвувањето на тендерската документација за набавка на консултантски услуги за поддршка на изготвување на Безбедносен случај (Safety Case) во износ кој не надминува 74.000,00 еур и истиот ќе се финансира со грант средства од ЕБОР.
- Менаџерскиот тим одржа неколку состаноци со репрезентативните синдикати при „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во насока на изнаоѓање на решение за надминување на разликите во однос на барањата кои беа поставени од синдикатите.
- Проектот за надградба на АТМ системот за воздухопловна навигација, во текот на ова тримесечје продолжи со планираните активности и динамика на реализација согласно стратешките планови на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје. По испораката на речиси целокупната опрема од страна на Leonardo следи фаза на инсталација и интеграција на системот се до фазата на спроведување на SAT (site acceptance test). Иако тимот на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во текот на летните месеци беше зафатен со опслужување на зголемениот обем на сообраќај, сепак голем дел од задачите беа спроведени во координација со тимот на добавувачот.
- Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа на нов MODE-S радар се склучи на 02.12.2022 година и неговата реализација се одвива во согласност со предвидените рокови од Договорот. Кај производителот на радарскиот систем извршена е обука на вработените од Одделението за надзорни системи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје додека во извештајниот период се продолжи со изработка, хармонизација и одобрување на

документите од Contract Data Requirement List како што и се вршеше подготовка за ФАТ (Factory Acceptance Test) на новиот MODE – S радар.

- Реализацијата на Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа на VCS системот склучен на 20.05.2022 година се одвива согласно предвидените рамки од договорот, завршени се фазите на обука, FAT (Factory Acceptance Test), додека во извештајниот период поради зголемениот обем на сообраќај и неможноста од целосна инсталација и тестирање на новата опрема, 80% од инсталацијата на опремата како и фазата на SAT (Site Acceptance Test) е завршена. Во третото тримесечје од 2023 година заради континуираниот зголемен обем на сообраќај сеуште не беше довршена целосно инсталацијата и истата се планира да заврши до крајот на октомври, додека целосно завршување на проектот се планира во ноември 2023 година.
- Во врска со реализацијата на Проектот за набавка, инсталација и пуштање во работа на VHF системот, во текот на септември 2022 година, спроведени се фазите на SAT и OAT - тестовите согласно кои се издадени сертификати со забелешка дека минорни активности поради недостапноста на Солунска глава ќе бидат извршени во текот на третото тримесечје од 2023 година. Во септември извршен е увид на лице место и утврдени се причините за отворените проблеми, предложено е техничко решение и доколку временските услови дозволуваат истите ќе се реализираат до крајот на годината.
- Во однос на обуката на кандидати КЛ кои беа селектирани за стекнување на дозвола за Аеродромска контрола на летање по успешното завршување на теоретската и практичната обука во школскиот центар GATE Aviation Training APS во Данска, успешно ја спроведуваат обуката во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, кои континуирано ја продолжуваат својата OJT обука се до стекнување на дозвола за работа.
- И во текот на третото тримесечје од 2023 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје редовно учествуваше во сите работни состаноци на регионалните и мултилатералните работните групи на Eurocontrol, ICAO, NATO и CANSO.
- „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во рамките на ова тримесечје, ја продолжи континуираната работа околу усогласување со регулативата 373 согласно која ќе се издаде продолжување на Уверението за оспособеност за давање на услуги на воздухопловната навигација пред Агенцијата за цивилно воздухопловство, истото го продолжи со важност до 2024 година.
- Според статистиките на Централното биро за наплата (Central Route Charging Office - CRCO) на Eurocontrol за реализираните наплатни единици од прелетите во 2023 година, Република Северна Македонија во третото тримесечје од 2023 година бележи зголемување од 13,6% во однос на истиот период во 2022 година, односно 14,7% во однос на планиранот сообраќај за третото тримесечје од 2023 година.
- Во текот на третото тримесечје во 2023 година се опслужени вкупно 96.356 летови од кои 89.238 прелети и 7.118 полетувања и слетувања на аеродромите во Скопје и Охрид.
- Бројот на прелетите во воздушниот простор на РСМ во третото тримесечје од 2023 година е зголемен за 11,6%, додека бројот на операциите на аеродромите во Скопје и Охрид е зголемен за 78,6% споредено со истиот период во 2022 година.

- Табела од Централното Биро на Eurocontrol за реализирани наплатни единици од прелетите над Република Северна Македонија во периодот од 01.01 до 30.09.2023 година:

| Month | | 2023 Actual | 2023 Unit Rate Basis | 2022 Actual | 2021 Actual | 2019 Actual | % 2023 A / 2023 F | % 2023 A / 2022 A | % 2023 A / 2019 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (4) | (6) | (1)/(2) | (1)/(3) | (1)/(6) |
| 1 | January | **23,893** | *17,608* | 17,786 | 8,338 | 17,708 | 35.7% | 34.3% | 34.9% |
| 2 | February | **23,681** | *15,222* | 15,376 | 6,852 | 16,639 | 55.6% | 54.0% | 42.3% |
| 3 | March | **30,228** | *22,944* | 23,176 | 9,087 | 19,233 | 31.7% | 30.4% | 57.2% |
| 4 | April | **38,103** | *31,997* | 32,321 | 9,845 | 28,427 | 19.1% | 17.9% | 34.0% |
| 5 | May | **47,766** | *42,774* | 43,206 | 12,454 | 40,456 | 11.7% | 10.6% | 18.1% |
| 6 | June | **52,333** | *48,559* | 49,050 | 21,943 | 45,978 | 7.8% | 6.7% | 13.8% |
| 7 | July | **57,365** | *52,460* | 52,991 | 38,450 | 50,551 | 9.3% | 8.3% | 13.5% |
| 8 | August | **57,317** | *50,048* | 50,553 | 45,991 | 50,618 | 14.5% | 13.4% | 13.2% |
| 9 | September | **54,508** | *44,974* | 45,428 | 40,390 | 45,339 | 21.2% | 20.0% | 20.2% |
| 10 | October | | *42,363* | 42,792 | 40,568 | 37,975 | | | |
| 11 | November | | *23,087* | 23,320 | 21,639 | 20,607 | | | |
| 12 | December | | *22,865* | 23,096 | 19,771 | 21,469 | | | |
| **TOTAL** | | **385,195** | ***414,900*** | 419,094 | 275,328 | 395,000 | **17.9%** | **16.8%** | **22.3%** |

Со почит,

**Претседател на Управен одбор**
**Kryetar i Këshillit Drejtues**
**Fahrudin Hamidi**

# 2 Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година

## 2.1 Анализа на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2023 година

Како што може да се види од табелата 2.1 подолу, во третото тримесечје од 2023 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 12,52% повеќе приходи во однос на планираните за извештајниот период и тоа:

- 12,35% повеќе реализирани приходи од прелети на воздухоплови;
- 12,22% повеќе реализирани приходи од терминалните услуги на воздухопловна навигација;
- 39,87% повеќе реализирани останати приходи.




**Табела 2.1: Планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2023 година**[1]

| *Вид на приходи* | *Планирани приходи 01.07 - 30.09.2023* | *Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2023* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***Прелети на воздухоплови*** | 381.871.008,09 | 429.030.563,28 | 112,35 |
| | | | |
| ***Терминални услуги*** | 56.206.505,09 | 63.073.354,50 | 112,22 |
| | | | |
| ***Останати приходи*** | 3.000.000,00 | 4.196.152,03 | 139,87 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***441.077.513,18*** | ***496.300.069,81*** | ***112,52*** |

[1] Извор: Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2023 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2023 година (со датум од 30.10.2023 година).

Во третото тримесечје од 2023 година се забележува понатамошно нормализирање на состојбата во авиосообраќајот и пораст на вкупниот број на летови во воздушниот простор на Република Северна Македонија. Нивото на сообраќајот веќе го надмина предпандемиското ниво од 2019 година. Како резултат на влијанието на кризата предизвикана со Руската инвазија врз Украина, со времетраење и интензитет сеуште непознат, се случува флуктуација на авио сообраќајот јужно кон земјите од регионов, што од друга страна доведе до значителен пораст на авиосообраќајот и во нашиот воздушен простор во овој период од годината.

### 2.1.1 Графички приказ на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година



## 2.2 Анализа на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година

**Табела 2.2: Планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година**[2]

| *Вид на расходи* | *Планирани расходи 01.07-30.09.2023* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2023* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **215.781.000,00** | **235.013.283,00** | **108,91** |
| Бруто плати | 214.281.000,00 | 226.979.750,00 | 105,93 |
| Други трошоци за вработените | 1,500.000,00 | 8.033.533,00 | 535,57 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **44.000.000,00** | **10.026.349,61** | **22,79** |
| Трошоци за суровини и материјали | 1.000.000,00 | 137.189,00 | 13,72 |
| Трошоци за резервни делови | 5.000.000,00 | 14.080,00 | 0,28 |
| Потрошена енергија | 22.500.000,00 | 2.139.817,00 | 9,51 |
| Транспортни услуги | 1.000.000,00 | 183.975,45 | 18,40 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 5.000.000,00 | 4.550.296,91 | 91,01 |
| Трошоци за одржување | 9.000.000,00 | 3.000.991,25 | 33,34 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 500.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **12.749.380,00** | **7.335.470,69** | **57,54** |
| Закуп на канцелариски простор | 750.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 212.500,00 | 1.028.751,00 | 484,12 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 5.000.000,00 | 1.084.476,36 | 21,69 |
| Трошоци за репрезентација | 750.000,00 | 265.710,15 | 35,43 |
| Премии за осигурување | 500.000,00 | 1.126.695,50 | 225,34 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 406.250,00 | 400.491,04 | 98,58 |
| Останати нематеријални трошоци | 5.130.630,00 | 3.429.346,64 | 66,84 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **100,00** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **1.500.000,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **7.000.000,00** | **5.080.519,48** | **72,58** |
| Банкарски трошоци | 1.000.000,00 | 1.425.132,67 | 142,51 |
| Камати по банкарски кредити | 6.000.000,00 | 3.655.386,81 | 60,92 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***292.280.380,00*** | ***268.705.622,78*** | ***91,93*** |

[2] Извор: Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2023 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2023 година (со датум од 30.10.2023 година).

***2.2.1 Графички приказ на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година***




Како што може да се види од табелата 2.2 погоре, во третото тримесечје од 2023 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 8,07% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот период, при што:

- Ставката – бруто плати за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните заради следните причини:
  - донесената одлука на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за 2020, 2021 и 2022 година согласно постигнатата спогодба со ССКЛ. Истата е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање[3] и
  - склучен нов Колективен договор број 0101-1714/1 од 13.10.2023 година со репрезентативните синдикати при „М-НАВ“ А.Д. – Скопје, како и Анекс 1 кон истиот договор;
- Ставката – други трошоци за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните заради исплата на трошоци по основ на одредбите од Колективниот договор: помош на вработени, исплата на К-15, задолжителни лекарски прегледи, трошоци за испити, како и трошоци за превоз на вработени надвор од Скопје;

[3] Заклучно со 30.09.2023 година целосно се вратени задржаните средства од платите на вработените за 2020 година, како и за периодот јануари-октомври 2021 година.

- Ставката - останати услуги[4], реализирани се повеќе средства од планираните во најголем дел заради потставката физичко обезбедување[5] во износ од 882.051,00 денари;
- Ставката – премии за осигурување, реализирани се повеќе средства од планираните во најголем дел заради потставката осигурување на имот во износ од 749.475,00 денари, која се однесува за период јули-декември 2023 година;
- Ставката – банкарски услуги и провизии, реализирани се повеќе средства од планираните во најголем дел заради потставката за трошоци за банкарски услуги во земјата во износ од 1.420.668,00 денари, од кои износот 922.425,00 денари се однесува на исплатата на еднократен надомест во висина од 1,25% од износот на заемот со ЕБОР (ОПР.бр.53184) или 122.125,00 еур.
- Амортизацијата е пресметана согласно сметководствената политика на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Како што може да се види од горенаведената табела, останатите реализирани трошоци на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во третото тримесечје од 2023 година се во рамките на вкупно планираните, иако кај некои се забележува значително отстапување од планираното.

Согласно горенаведената анализа, во третото тримесечје од 2023 година реализирани се поголеми приходи од расходи (сметководствена добивка) во износ од 227.594.447,03 денари.

# 3 Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година

## 3.1 Анализа на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година

Како што може да се види од Табелата 3.1 подолу, реализираните вкупни приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје во третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година се зголемени за 7,79% и тоа: приходите од прелети се зголемени за 4,84%, приходите од терминални услуги бележат зголемување од 32,16%, додека останатите приходи бележат зголемување од 19,18%.

[4] Тука влегуваат трошоците за регистрација на службени возила, огласи во весници за објавување на јавни набавки, услуги за дератизација на просториите на Друштвото, како и услуги на физичко обезбедување.
[5] По спроведена постапка согласно Годишниот план за јавни набавки за 2023 година, склучен е Договор со Агенција за обезбедување на имот и лица 2 СС ДООЕЛ Кичево.




Секако и тука ќе спомeнеме дека реализираните приходи во третото тримесечје од 2023 година во однос на истиот период од 2022 година беа значително поголеми за повеќе процентни поени како резултат на зголемениот обем на воздушен сообраќај. Тоа се должи на нормализацијата на воздушниот сообраќај после катастрофалното влијание на Covid-19 кризата, како и влианието на воениот конфликт и затворањето на воздушниот простор над Украина кое што предизвика флуктуација на украинскиот сообраќај кон југо-исток од Украина и доведе до неочекуван пораст на авиосообраќајот во нашиот воздушен простор и кај земјите од регионов.

**Табела 3.1: Реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година**[6]

| *Вид на приходи* | *Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2023* | *Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2022* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***Прелети на воздухоплови*** | 429.030.563,28 | 409.206.824,90 | 104,84 |
| | | | |
| ***Терминални услуги*** | 63.073.354,50 | 47.724.961,90 | 132,16 |
| | | | |
| ***Останати приходи*** | 4.196.152,03 | 3.520.976,86 | 119,18 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***496.300.069,81*** | ***460.452.763,66*** | ***107,79*** |

[6] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2023 година (со датум од 30.10.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули – септември 2022 година.

### 3.1.1 *Графички приказ на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година*




## 3.2 Анализа на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година

**Табела 3.2: Реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година**[7]

| *Вид на расходи* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2023* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2022* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **235.013.283,00** | **223.588.263,00** | **105,11** |
| Бруто плати | 226.979.750,00 | 221.099.332,00 | 102,66 |
| Други трошоци за вработените | 8.033.533,00 | 2.488.931,00 | 322,77 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **10.026.349,61** | **18.684.428,56** | **53,66** |
| Трошоци за суровини и материјали | 137.189,00 | 77.182,00 | 177,75 |
| Трошоци за резервни делови | 14.080,00 | 29.372,00 | 47,94 |
| Потрошена енергија | 2.139.817,00 | 9.259.417,84 | 23,11 |
| Транспортни услуги | 183.975,45 | 247.161,49 | 74,44 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 4.550.296,91 | 4.147.302,87 | 109,72 |

[7] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2023 година (со датум од 30.10.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули - септември 2022 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Трошоци за одржување | 3.000.991,25 | 4.921.022,36 | 60,98 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 0,00 | 2.970,00 | 0,00 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **7.335.470,69** | **7.077.542,33** | **103,64** |
| Закуп на канцелариски простор | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 1.028.751,00 | 277.377,00 | 370,89 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 1.084.476,36 | 3.005.066,27 | 36,09 |
| Трошоци за репрезентација | 265.710,15 | 537.830,63 | 49,40 |
| Премии за осигурување | 1.126.695,50 | 1.218.978,00 | 92,43 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 400.491,04 | 3.838,00 | 10.434,89 |
| Останати нематеријални трошоци | 3.429.346,64 | 2.034.452,43 | 168,56 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **100,00** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **0,00** | **2.901.469,95** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **5.080.519,48** | **11.706.636,56** | **43,40** |
| Банкарски трошоци | 1.425.132,67 | 9.188.765,42 | 15,51 |
| Камати по банкарски кредити | 3.655.386,81 | 2.517.871,14 | 145,18 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***268.705.622,78*** | ***275.208.340,40*** | ***97,64*** |

### *3.2.1 Графички приказ на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година*



Како што може да се види од Табелата 3.2 погоре, реализираните вкупни трошоци на Друштвото во третото тримесечје од 2023 година се намалени за 2,36% во споредба со истиот период од 2022 година, при што:

- Ставката – бруто плати за вработените е зголемена во однос на 2022 година заради следните причини:
  - донесената одлука на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за 2020, 2021 и 2022 година согласно постигнатата спогодба со ССКЛ. Истата е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање[8] и
  - склучен нов Колективен договор број 0101-1714/1 од 13.10.2023 година со репрезентативните синдикати при „М-НАВ“ А.Д. – Скопје, како и Анекс 1 кон истиот договор;
- Ставката – други трошоци за вработените во која влегуваат трошоци што се исплаќаат согласно Колективниот договор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, се зголемени во однос на 2022 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.3: Реализирани други трошоци за вработените на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година[9]**

| ***Други трошоци за вработените*** | ***01.07-30.09.2023*** | ***01.07-30.09.2022*** |
|---|---|---|
| | | |
| Јубилејни награди | 0,00 | 2.192.679,00 |
| Помош на вработени | 539.479,00 | 121.858,00 |
| Исплата на К-15[10] | 7.365.971,00 | 0,00 |
| Задолжителни лекарски прегледи на контролори | 25.000,00 | 12.007,00 |
| Трошоци за испити | 20.471,00 | 162.387,00 |
| Трошоци за превоз на вработени надвор од Скопје | 82.612,00 | 0,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***8.033.533,00*** | ***2.488.931,00*** |

- Ставката – потрошени суровини и материјали покажува зголемување во процентни поени во однос на 2022 година, но вредносно зголемувањето

[8] Заклучно со 30.09.2023 година целосно се вратени задржаните средства од платите на вработените за 2020 година, како и за периодот јануари-октомври 2021 година.
[9] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2023 година (со датум од 30.10.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули - септември 2022 година.
[10] Во 2022 година исплатата на К-15 беше во четвртото тримесечје на годината, односно во месец октомври 2022 година.

е мало, при што истите се во согласност со планираните трошоци за 2023 година;

- Ставката – трошоци за поштенски, телефонски услуги и интернет покажува зголемување во процентни поени во однос на 2022 година, но вредносно зголемувањето е мало, при што истите се во согласност со планираните трошоци за 2023 година;
- Ставката – останати услуги во 2023 се зголемени во однос на 2022 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати услуги на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година[11]**

| ***Останати услуги*** | ***01.07-30.09.2023*** | ***01.07-30.09.2022*** |
|---|---|---|
| | | |
| Регистрација на возила | 90.384,00 | 80.766,00 |
| Огласи во дневни весници | 56.316,00 | 196.611,00 |
| Услуга за физичко обезбедување | 882.051,00 | 0,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***1.028.751,00*** | ***277.377,00*** |

- Ставката – членарини во меѓународни организации се зголемени во однос на 2022 година пред се заради трошокот за членство на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје во CANSO (Civil Air Navigation Services Organization) на европско и светско ниво. Овој трошок е распределен на месечно ниво.
- Ставката - останати нематеријални трошоци во 2023 година се зголемени во однос на 2022 година, при што истите се во согласност со планираните трошоци за 2023 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати нематеријални трошоци на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година[12]**

| ***Останати нематеријални трошоци*** | ***01.07-30.09.2023*** | ***01.07-30.09.2022*** |
|---|---|---|
| | | |
| **Наемнина за недвижности** | **553.524,00** | **664.393,00** |
| - Закуп за антена на Црн Врв | 15.987,00 | 16.005,00 |
| - Закуп на деловен простор[13] | 537.537,00 | 648.388,00 |
| Надомест надзорен одбор | 106.665,00 | 106.665,00 |
| Донации во земјата[14] | 430.000,00 | 0,00 |
| Авторски хонорари[15] | 286.863,00 | 358.502,00 |
| **Семинари и советувања** | ***1.160.085,34*** | ***40.600,00*** |

[11] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2023 година (со датум од 30.10.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули - септември 2022 година.

[12] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2023 година (со датум од 30.10.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули - септември 2022 година.

[13] Согласно Договор со ТАВ Македонија за изнајмување на деловен простор на Меѓународниот аеродром Скопје, согласно Договор за изнајмување на деловен простор – објект Малага во Центар, Скопје.

[14] Согласно Договор за донација број 0202-345/2 од 01.03.2023 година склучен со Воздухопловна федерација на Македонија. Со оглед на тоа што позитивното мислењеза јавен интерес од Министерството за правда на РСМ е добиено со задоцнување, односно во месец август, тогаш е извршена и исплата на средствата од договорот за донација во износ од 430.000,00 денари.

[15] Согласно Договори за дело на 3 вработени во 2022 и во 2023 година.

| | | |
|---|---|---|
| - OJTI refresh курс за КЛ[16]<br>- Останати курсеви и обуки за вработените | 1.137.585,34<br>22.500,00 | 0,00<br>40.600,00 |
| Адвокатски услуги[17] | 92.426,00 | 290.922,00 |
| Одржување на софтвер | 26.040,00 | 22.506,00 |
| **Останати интелектуални услуги**<br><br>- Изработка на гео-карти[18]<br>- Годишен надомест од ЦДХВ[19]<br>- Електронска база на податоци<br>- Превод на документи<br>- Обнова на дигитален сертификат<br>- Трошоци за провизија на Eurocontrol[20] | ***696.939,78***<br><br>478.185,12<br>146.358,00<br>36.440,00<br>26.221,00<br>9.735,66<br>0,00 | ***322.336,25***<br><br>0,00<br>0,00<br>27.330,00<br>64.400,00<br>0,00<br>230.606,25 |
| Стручни списанија и весници[21] | 10.912,00 | 62.755,00 |
| Трошоци за сертификација и лиценци од АЦВ | 21.540,00 | 81.830,00 |
| **Други нематеријални трошоци**<br><br>- Изработка на идентификациони картички[22]<br>- Останати нематеријални трошоци[23]<br>- Обнова на токен<br>- Архивирање на документи[24]<br>- Трошоци за издавање на виза за вработени<br>- Трошоци за издавање на потврди за неосудуваност на вработени | ***44.351,52***<br><br>37.525,00<br>4.250,00<br>2.576,52<br>0,00<br>0,00<br>0,00 | ***83.943,18***<br><br>4.169,00<br>0,00<br>5.720,00<br>53.384,00<br>17.537,18<br>3.133,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***3.429.346,64*** | ***2.034.452,43*** |

- Ставката – камата по банкарски кредити е зголемена во однос на 2022 година заради тоа што во 2023 година покрај користење на средства и отплата на тримесечни ануитети по основ на одобрениот долгорочен кредит од ЕБОР, се користат средства и истовремено се отплаќаат ануитети по основ на одобрениот долгорочен кредит од Комерцијална банка А.Д. Скопје, но овие трошоци се во согласност со планираните трошоци за 2023 година.

[16] Задолжителни курсеви за контролорите на летање на секои 2 години.
[17] Согласно Договори со Адвокат Мефаиљ Арслани и Адвокат Васил Димишков, додека во 2022 година имаше склучено договори со Адвокат Мефаиљ Арслани, Адвокат Зекир Зекири и Адвокат Албин Беџети.
[18] Годишна претплата за Бентли картографија.
[19] Годишен надомест за водење на акции.
[20] По Договор за вршење на услуги за наплата на АТС услуги од авиокомпании.
[21] Репрезент, Правник, Академик, Коха, Слободен печат.
[22] Идентификациони картички за пристап на вработени од „М-НАВ“ А.Д. - Скопје на аеродромска писта и аеродромски простории, сопственост на ТАВ Македонија.
[23] Фотокопирање на документи, изработка на визит карти и сл.
[24] Согласно Договор со фирма INBOX Скопје.

# 4 Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2023 година

„М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот 01.07-30.09.2023 година своето работење го извршуваше со 304 вработени.

За пресметковниот период трошоците за амортизацијата се дадени пресметковно, во висина од ¾ од вкупно планираната амортизација за 2023 година.

На 30.09.2023 година на сметките на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје го има следното салдо:

| | |
|---|---|
| денарска сметка во Комерцијална банка | 1.778.336,00 денари |
| девизна сметка во Комерцијална банка | 8.361.514,97 ЕУР |

Според принципите на Eurocontrol фактурирањето на реализацијата за тековниот месец се врши во наредниот месец, а наплатата е во месецот што следи (на пр. реализираниот сообраќај за јули се фактурира во август, а наплатата на побарувањата од месец јули пристигнува на сметката на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во месец септември). Согласно овој принцип овие побарувања се со рочност од 30-60 дена.

Со состојба на 30.09.2023 година побарувањето од Eurocontrol (за прелети и терминални услуги) изнесува 201.164.942,20 денари.